Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС, Скопје
Бр. 57/0306
15.02.2019 год.
Скопје

13.02.2019

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 февруари 2019 година, врз основа на примена жалба од Влатко Секулоски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „Република“, со текстот насловен „Верниците го исплукаа Пимен: Северџанот што гласаше против сопствениот народ“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 10.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 22 јануари 2019 година, Влатко Секулоски поднесе жалба за текстот со наслов „Верниците го исплукаа Пимен: Северџанот што гласаше против сопствениот народ“, објавен на 19 јануари 2019 година на интернет порталот „Република“ (www.republika.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи навреда.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Република“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Република“ не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 10.

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 12 февруари 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во оспорената содржина.

Комисијата, најнапред, констатираше дека авторот, уште преку насловот на текстот, еднострано и тенденциозно наметнува сугеститивно мислење во однос на едно чувствително прашање (промена на уставното име), кое во себе содржи елементи што можат да поттикнат дискриминација по национална и политичка основа. Новинарот под текстот објавува две видео снимки од одбележувањето на празникот Богојавление - Водици во Женева, каде што присуствувал и Отец Пимен. На едно од видеата може да се слушне

дека Отец Пимен е навредуван од група граѓани во однос на тоа дека поддржувал промена на уставното име.
Членовите на Комисијата се согласија дека наместо да биде одмерен и неутрален, да се огради од навредлив јазик и да застане во одбрана на поединецот, авторот на текстот носи готови заклучоци и вредносни судови, на начин, кој отвора опасност за разгорување на национална нетрпеливост и се граничи со говорот на омраза. Ова, особено е нагласено во содржината под едно од објавените видеа:

***„Отец Пимен за Богојавление Христово - Водици во Женева - Швајцарија, извикан предавник, исвиркан и со клетви од нашинците денеска! Изгледајте го видеото за да видите како се пречекуваат предавниците!“***

Оттука, Комисијата најде дека во текстот на интернет порталот е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка..). Ваквата отстапка е забележителна и во самиот наслов на текстот:

***„Верниците го исплукаа Пимен: Северџанот што гласаше против сопствениот народ“.***

Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинари им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омразата е неспоив со новинарската етика. Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предзвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

При своето одлучување, Комисијата го зеде предвид и членот 9 од Уставот на РМ, во кој се вели дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Република“ (www.republika.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595